Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

99 години

Број 473 www.mchamber.mk 19.11.2021




## Шест месечна Програма во рамките на Клубот на менаџери-претприемништво и лидери

стр. 6




## Шест месечна Програма за развој на мали и средни бизниси

стр. 7

## ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – БРАНКО АЗЕСКИ



# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
EVN
vitaminka
NLB Banka
GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION
IGM trade
T · ·
МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР
ECM ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Gulf
ПЕКАБЕСКО
euro Nickel INDUSTRIES
nextsense
VERO сè на едно место
КОЖУВЧАНКА
MERMERE Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

Comfy Angel
ОКТА
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ
RADE KONČAR-TEP
A1
seavus www.seavus.com
ZAN MITREV CLINIC
СЕМОС
CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
HALKBANK
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна
scalefocus
ДЕ-НИ МЕБЕЛ
cargo-partner
Life Is On Schneider Electric

## СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин
SPARKASSE BANK
Ultra!
SMELT-ING
VEZESHARRI
LECKER
elektro SHARRI
SOCOTAB Leaf tobacco
Swisslion
AllianceOne




**Посетете : www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија**
**ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ**
**со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКА КОМОРА



Почитувани,

И покрај тешките кризи кои не опкружуваат во моментот, концептот за „Комора на иднината“ се остварува со забрзано темпо. Водечкиот приоритет да се свртиме кон компаниите почна да ги дава своите резултати. Само да наброиме:

Прво, акцијата за вакцинација во Србија, со која, во еден критичен момент излеговме во пресрет на нашите членки и успешно вакциниравме 2.500 вработени во нашите компании;

Второ, реализиравме проект со кој се обезбеди финансиски грант од 500.000 евра за набавка на 23 машини и друга опрема и алати за 4 компании, во рамките на проектот за зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот сектор, електро и машинскиот сектор, преку подобрување на технолошките и производствените способности на извозно-ориентираните МСП.

Трето, ние сме прва комора во регионот и пошироко, која со сопствено дигитално решение целосно го дигитализираше издавањето на документите за надворешно-трговско работење. На тој начин се елимира потребата од физичко доставување на документите – пракса на која компаниите трошеа дополнително време и пари.

Четврто, станавме претставници за имплементација на САП системите и нивната промоција и обезбедивме директна партиципација за компаниите кои се одлучија да го воведат, заедно со Швајцарската амбасада и Владата на Република Северна Македонија.

Петто, на самиот почеток на пандемијата, Комората набави најсофистициран систем за онлајн (видео-конференциски) врски што обезбедува стабилна конекција за огромен број учесници и настани, со што во овој вонреден период целосно се прилагодивме на дигитално-технолошките решенија, со кои се продолжија нашите редовни активности.

Шесто, опремивме најмодерна судница за Постојаниот избран суд – Арбитража и нејзино дигитално поврзување за спроведување на онлајн меѓународни спорови, што во изминатите неколку денови го положија својот прв испит со завршено рочиште на еден многу сложен меѓународен арбитражен спор.

Седмо, сите сали во Стопанската комора на Северна Македонија се дигитализирани и опремени за онлајн работење.

Осмо, со Фондот за иновации и технолошки развој договоривме продолжување на проектот

од т.2 и во наредната година, како и формирање на Центар за старт-ап компании во рамките на Комората, наше учество во органите на Инвестицискиот фонд, Технолошкиот парк и Зелената економија.

Деветто, направивме и конкретен резултат во дуалното образование, каде минатата година имавме само 11, оваа година 211 компании се вклучија во процесот на дуално образовниае, а следната година очекуваме 500 компании.

Десетто, изработивме дигитален регистар на сертифицирани ментори и верифицирани компании со што Комората стана центар кој ги вмрежува сите активни чинители во процесот на средно стручно образование.

Единаесетто, нарачавме две меѓународни студии од Виенскиот институт и Економскиот институт во Љубљана за две наши значајни прашања: извозот и нашето пристапување кон платформата „Отворен балкан" со што спроведовме определба на раководството од Комората да користиме услуги на врвни меѓународни институции од областа на економијата.

Дванаесетто, покренавме иницијатива за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва за подигнување на контролниот праг за преземање на акционеркси друштва од 25 на 33% од хартиите од вредност со право на глас и соодветна измена во носењето на одлуките со двотретинско мнозинство од постојниот закон.

Тринаесетто, на седницата на Управниот одбор ќе донесеме одлука за влегување во акционерската структура на Македонската берза АД Скопје и Комисијата за хартии од вредност, бидејќи раководството на Комората процени дека нашите компании во најголем дел ги користат овие две институции како темел за нивното работење. И токму заради тоа, СКСМ како нивен претставник, треба да има влијание во одлуките што се носат од овие две сериозни институции.

Четиринаесетто, започна со работа Советот за развој на високото образование и истражувања со кој го отвораме процесот за привлекување мали и средни компании кон Комората, а со формирањето на Центарот за старт-ап компаниите ќе го заокружиме процесот на опфат на сите компании во Македонија, а не само на големите.

Петнаесетто, можам да го известам Управниот одбор дека се активирани сите Совети, со што додатно привлековме околу стотина истакнати бизнисмени, научни работници и меѓународни експерти во нашите органи и тела, што е за исклучителна почит, а дополнително со Владата на Република Северна Македонија изработивме список на 76 експерти вработени во нашите компании коишто ќе го дадат својот придонес и помош во работењето на државната администрација, која, констатирано, е во многу лоша сосојба и претставува пречка за нашето работење.

Шеснаесетто, се наоѓаме пред финална разрешница на 4 наши клучни барања усогласувањето на Царинскиот тарифник со царинските стапки на ЕУ, со што ќе помогнеме директно на нашите компании (и домашни и странски), во процедура е промена на законските решенија за можноста за формирање холдинг-друштва, проблемот со парафискалните давачки, забрзување на процесот на гасификација, мерките за борба против сивата економија, регистрирањето на електронските

медиуми како трговски друштва, со што ќе можеме да ги тужиме во изнесувањето на нивните квалификации коишто директно му штетат на бизнисот. Со сите овие иницијативи повторно им помагаме на компаните.

На крај, тука би ги ставил и погодностите што нашите компании ги уживаат преку Коморскиот инвестиционен форум кој со неколку проекти на ЕБРД, ЕУ и KFW секојдневно убризгуваат средства во нивното работење.

Мораме да признаеме дека во условите во кои работиме, ова е значаен успех. Тоа го чувствуваме и со повратната информација од страна на компаниите. Приходите се стабилни, зголемено е и нашето присуство во медиумите, а морам да кажам и дека секојдневно пристигнуваат пораки преку електронската пошта со благодарност до Комората што се грижи за своите членки. Се на се, „Комората на иднината" оди напред и во вакви услови.

Денес го најавувам следниот наш чекор: Ако досега во соработката со Владата имавме состојба на наше консултирање откако законското решение ќе беше веќе конципирано, сега одиме чекор напред бидејќи ќе учествуваме во нивното директно креирање, преку заедничко тело на Владата и Комората кое ќе учествува во конципирањето на секој законски проект што е од интерес за компаниите. Тоа ќе биде тема на нашата следна седница на Управниот одбор.

Затоа е потребно наше прилагодување и посветување, како би се зголемила улогата на компаниите во фаза на креирање на законите. Нормално е тој тим од наша страна да го предводи д-р Анита Блажевска, која има искуство на тој план и се надевам дека ќе го надгради во интерес на сите нас.

Г-дин Никола Љушев, претседател на нашиот Совет за напредни технологии во наредниот период ќе биде приклучен на тимот кој работи на регионалното поврзување, за кое има искуство и знаење, и предводи компанија која има операции низ сите земји на Западен Балкан.

Г-дин Зоран Мартиновски поактивно ќе се вклучи на изнаоѓање регионални проекти од кои бенефит ќе имаат нашите членки. Со тоа Управниот одбор на СКСМ ќе ја забрза својата работа уште повеќе да помогне на компаниите.

Исто така, сакам да ве информирам дека ќе го номинирам д-р Горан Рафајловски, досегашен наш претседател на Постојаниот избран суд – Арбитража и поранешен потпретседател на Комората за функција којашто ќе одговара на неговите професионални квалитети, што ќе биде во интерес на Комората.

Принципот на работа на поединечна одговорност  на членовите на сите органи и тела и на стручната служба во Комората при спроведување на клучните приоритети во еден сложен систем како нашиот ќе продолжи и понатаму, затоа што е силен мотивационен фактор на нашите членови кои се силни брендови во македонската економија.

Со почит,

Претседател,

Бранко Азески




# ПРИЈАВЕТЕ СЕ ЗА 6-МЕСЕЧНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСТВО

Заради ефикасно остварување на специфичните интереси на приватниот сектор во насока на унапредување на компетенциите и вештините на високообразовните кадри во согласност со потребите на бизнисот, во Стопанската комора на Северна Македонија од неодамна функционира Совет за унапредување на високото образование. Овој Совет има три приоритетни цели кои се состојат во развивање и унапредување на три програми:

Клуб на менаџери-претприемништво и лидерство - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа на бизнис-лидери (почеток 9 декември 2021 година),

Развој на мали и средни бизниси и старт ап бизниси - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Модул за развој на мали и средни бизниси како и Модул за развој на старт ап бизниси (почеток на Модулот за мали и средни бизниси на 9 декември 2021 година) и

Институт за извоз - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа за продуцирање кадри за зголемување на извозот, со крајна цел формирање Институт за извоз (активностите за Изработка на студија за извоз и Платформа за извоз почнуваат во јануари 2022 година додека со Модулот за зголемување на вештините за извоз се започнува од 1 ноември 2022 година).

Со големо задоволство Ве покануваме да бидете слушатели на Првата 6 месечна Програма во рамките на Клубот на менаџери-претприемништво и лидери која започнува на 9 декември 2021 година а која е планирано да заврши на крајот на месец мај 2022 година.

Целна група на Програмата: претставници на среден менаџмент од големи и средно-големи компании.

Предавачи: 50-тина реномирани претставници од бизнис секторот, академската и научна фела со акцент на пренесување на практични ускуства. Предвањата се замислени така да сите модули имаат на почетокот краток теоретски вовед на секоја поттема, потоа следат предавања со практични примери, искуства и менторски пристап од страна на предавачите. Секој модул има свој ментор и на предавањата ќе има голем дел интерактивност и вежби по најнови европски и светски пристапи.

Секој Модул трае по 9 часа од кои последните 2 часа се наменети за дискусија и прашања.

На дадениот линк можете да ги преземете Програмата на Клубот на менаџери-претприемништво и лидери разработена по модули, теми и предавачи.

Контакт лице: д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, Телефон: 02 3244030, моб: 070 234 273,

Е-адреса: jelisaveta@mchamber.mk




# ПРИЈАВЕТЕ СЕ ЗА 6-МЕСЕЧНАТА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ БИЗНИСИ

Заради ефикасно остварување на специфичните интереси на приватниот сектор во насока на унапредување на компетенциите и вештините на високообразовните кадри во согласност со потребите на бизнисот, во Стопанската комора на Северна Македонија од неодамна функционира Совет за унапредување на високото образование. Овој Совет има три приоритетни цели кои се состојат во развивање и унапредување на три прогами:

- Клуб на менаџери-претприемништво и лидерство - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа на бизнис-лидери (почеток 9 декември 2021 година),
- Развој на мали и средни бизниси и старт ап бизниси - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Модул за развој на мали и средни бизниси, како и Модул за развој на старт ап бизниси (почеток на Модулот за мали и средни бизниси е на 9 декември 2021 година) и
- Институт за извоз - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа за продуцирање кадри за зголемување на извозот, со крајна цел формирање Институт за извоз (активностите за Изработка на студија за извоз и Платформа за извоз почнуваат во јануари 2022 година додека со Модулот за зголемување на вештините за извоз се започнува од 1 Ноември 2022 година).

Со големо задоволство Ве покануваме да бидете слушатели на Првата 6 месечна Програма за развој на мали и средни бизниси која започнува на 9 декември 2021 година, а која е планирано да заврши на 10 јуни 2022 година.

Целна група на Програмата: Виш менаџмент на малите и средните бизниси.

Предавачи: Повеќе од 30-тина реномирани претставници од бизнис секторот, академската и научна фела со акцент на пренесување на практични искуства. Предвањата се замислени така што сите модули имаат на почетокот краток теоретски вовед на секоја подтема, потоа следат предавања со практични примери, искуства и менторски пристап од страна на предавачите. Секој модул има свој ментор и на предавањата ќе има голем дел интерактивност и вежби по најнови европски и светски пристапи.

На дадениот линк можете да ги преземете Програмата на Клубот на менаџери-претприемништво и лидери разработена по модули, теми и предавачи.

Контакт лице: м-р Антонета Манова Ставреска, Телефон: 02 3244060,

Е-адреса: antoneta@mchamber.mk

# ПОБЛИСКУ ДО КОМПАНИИТЕ - ПОБРЗО ДО ЦЕЛТА!




**ЦЕЛТА Е ЗАЕДНИЧКИ ДА ПРИДОНЕСЕМЕ КОН НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗДРАВСТВЕНАТА, ЕКОНОМСКАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА ВО ЗЕМЈАВА**

Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, во придружба на потпретседателите на Комората, м-р Глигор Цветанов, д-р Елена Милевска Штрбевска и м-р Анета Трајковска, минатата недела реализираше три дневна посета на источниот регион. Беа посетени повеќе македонски компании во Виница и Штип и реализирани работни средби со компании, активни долгогодишни членки на Комората, кои се меѓу најуспешните компании по годишниот промет и приходите од овој регион, а претседателот Азески учествуваше и на свеченото одбележување на пуштањето со работа на мултидисциплинарниот објект, центар за анализи и истражување, лаборатори, академии – „ВИНЧИНИ ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ И ПРОГРЕСИВ АКАДЕМИЈА“ во Виница.

На работните средби со („Макпрогрес“, Виница; „Винербергер“, Виница; Рудниците „Саса“ и „Бучим“; „Мебел Ви“, Виница; „Амфенол технолоџи Македонија“ Кочани; „Европа 92“, Кочани; „Мода“ Свети Николе; „Оаза“ Штип; „Вабо“, Штип; „Албатрос“ Штип; „Зен Вивенди“, Штип; „Квенбергер Логистик Македонија“; „ЕАМ“ Штип и други), видлива е загриженоста на компаниите од овој регион за многубројните предизвици со кои се соочуваат во работењето. Но, исто толку е воочлива и нивната подготвеност сами да ги отстрануваат сите препреки кои им стојат на патот до успешен бизнис, без да чекаат мерки за поддршка од државата, што се потврдува со следното:

Претседателот Азески и делегацијата на Стопанската комора имаа и работен ручек во хотел „Александар Парк“ во Виница со фирми од регионот, а вечерта, работна вечера во хотел „Оаза“ во Штип со фирми од штипскиот регион. Исто така, се оствариja и бројни средби на коктелот организиран на свеченото отворање на „ВИНЧИНИ ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ И ПРОГРЕСИВ АКАДЕМИЈА“ ВО ВИНИЦА.

Прво, во врска со можностите за справување со недостигот на електрична енергија на домашниот

пазар во наредниот период, компаниите од овој регион, главно, успеале да обезбедат цени и количини на електрична енергија што се доволни за да не се загрози нивното производство. Ретки се случаите на откажување или менување на договорите за снабдување со електрична енергија, но со оглед на неизвесноста за текот на работите во наредниот период, кај компаниите се чувствуваа длабока загриженост;

Второ, бројот на вакцинирани работници во компаниите не е на задоволително ниво (околу 50-60% од вработените), но во недостиг на регулатива за постапување со невакцинираните лица, менаџментот на компаниите користи разновидни мотивирачки начини како да го зголеми тој процент.

Трето, компаниите укажуваат на ургентната потреба од справување со сивата економија, која претставува сериозна закана за деловните субјекти кои работат во овој регион. Владеењето на правото и лојалната конкуренција се главен приоритет. Но, и покрај тоа, компаниите немаат доволно сознанија за можностите да користат алтернативни начини за решавање на нивните трговски спорови, како што е арбитражата. Сепак, кај дел од нив постои заинтересираност за промена на досегашната практика и ориентирање кон арбитражата.

Вистинско изненадување беше посетата на една од најбрзо растечката фирма кај нас „ЕАМ“ Штип, која е помеѓу 200-те најголеми извознички во Македонија. Изненадување имаше на секој чекор. Од влезот, каде беше засаден памук, и баш отворен во овој момент, до производната програма која завршува кај најреномираните брендови во Европа и светот („Мерцедес Бенз“, „БМВ“, „Катерпилар“), но најголемо изненадување беше што оваа компанија има нова локација на која е изградена една од најмодерните фабрики во Македонија и сопствено производство на памук за потребите на компанијата. Сѐ она што го видовме покажува дека оваа фирма е, и ќе биде најдобриот промотор на нашите политики за зголемување на производството и извозот.

Забележливо е дека сите компании прават сопствени обиди за намалување на последиците од кризата (економска, здравствена, енергетска). Фирмите се во задоволителна финансиска позиција, нема забелешки околу повратот на ДДВ-то, компаниите постојано инвестираат и во услови на криза, бараат нови пазари и зајакнување на регионалната соработка.

Три дневната посета беше заокружена со одбележување на почетокот со работа на новоизградениот „Винчини центар за развој и Прогресив Академија“ во рамки на „Макпрогрес“ ДОО, Виница, еден од водечките производители на кондиторски производи во Југоисточна Европа.

П.С. Нашето најсилно оружје секогаш е упорноста и кадрите. Без разлика што сѐ уште постои резерва за користењето на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија, ние сме оптимисти дека дел од фирмите со кои разговаравме ќе почнат да ја употребуваат арбитражната клаузула, која е алфа и омега за поефикасно решавање на споровите, отколку во редовниот правосуден систем. Наредната наша репортажа ќе биде од Велес каде фирмата„Брако“ почна со испораката на турбините за изградба на 5 мали хидроцентрали во Република Грузија, што претставува врвен успех и на „Брако“ и на политиките на Стопанската комора за создавање домашни производи со додадена вредност. Тие турбини се дело на 150 инженери вработени во „Брако“ кои ја претставуваат сржта на развојот на македонската економија и каде што Стопанската комора, исто така, вложува огромни напори преку реформи во системот на образование да обезбеди поквалитетни кадри за потребите на нашите компании.

## Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Развојната банка на Северна Македонија, успешно реализираа онлајн презентација на индивидуалните и портфолио гаранциите од Гарантната шема на Банката



Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Развојната банка на Северна Македонија, успешно реализираа онлајн презентација на индивидуалните и портфолио гаранциите од Гарантната шема на Банката. Презентација ја водеа и активно учествуваа во споделувањето на дополнителните информации: Александар Станојковски, директор на Сектор за кредитирање и гаранции и Небојша Богатиновски, шеф на одделението за Гарантен фонд.

Целта на оваа презентација беше компаниите членки на Комората да се запознаат со корисните услови кои ги нудат овие две гаранции.

Со измените во Законот за Развојна банка на Северна Македонија, се воведе Гарантен фонд во банката, преку кој се реализира државната гарантна шема. Со оваа гарантна шема, на располагање се два производи за компаниите:

индивидуални гаранции до 50% од кредитите за основни или обртни средства, за големи трговци кои вршат извоз; и

портфолио гаранции до 80% за обртни средства, односно до 50% за основни средства, за микро, мали и средни трговци преку банки и штедилници.

Заклучно до 2023 година, гаранциите се без надомест за крајниот корисник.

Имајќи предвид дека барањата за индивидуални гаранции се доставуваат директно до Развојна банка, најголема корист од презентацијата би имале големите трговски друштва и компаниите кои се извозно-ориентирани.

Компаниите исто така може да се информираат кај матичните комерцијални банки, односно штедилница, пред користење на кредитот.

Банки и штедилници кон кои Развојната банка на Северна Македонија има издадено портфолио гаранција од Гарантен фонд се: Стопанска банка АД Скопје; Стопанска банка АД Битола; Уни банка АД Скопје; ЦКБ банка АД Скопје; Халк банка АД Скопје; Капитал банка АД Скопје; Комерцијална банка АД Скопје; Прокредит Банка АД Скопје; НЛБ банка АД Скопје и Штедилница Можности.

## СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО – ПРЕДУСЛОВ ЗА ПОКВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И КАДАР

Веќе подолг период, значително е подигната свеста за важноста на човечките ресурси, како и вклучувањено на бизнис заедницата во образованието, преку овозможување на практична настава на учениците од средното и високо образование, што всушност преставува предуслов за квалификување на кадарот во компаниите. Квалитетен кадар, или поедноставено кажано – да се има прави луѓе на право работно место, секако е најзначаен клучен сегмент, како за задоволство на вработениот така и за самата продуктивност на организацијата.

Голем дел од реалниот сектор во Република Северна Македонија го препознаа овој факт и склучија меморандуми за соработка со средните училишта и на учениците им се овозможи практичниот дел од наставата да го реализираат во компаниите. Од друга страна на компаниите им се овозможи преку Стопанската комора на Северна Макеодонија да обучат стручно лице - ментор кој ќе ги води учениците низ целиот процес во компанијта и да се верифицираат како компанијата за изведување на практична настава.

ЛТХ Леарница" од Охрид е компанија членка на Комората, каде инвестициите во проширувањето на производствените капацитети и опрема им ја наметна потребата на компанијата за нови вработувања, пред се на високоедуциран кадар. Компанијата континуирано вложува во доедукација на своите вработени, но дополнително придонесува и за подобрување на квалитетот на стручното образование преку овозможување на практична настава на учениците и студентите во компанијата и можноста истите да се стекнат со драгоцени искуства и знаења пренесени од високо стручни кадри.

„ЛТХ Леарница" интензивно соработува со локалните технички училишта преку дуалниот метод на образование, како можност за соодветна едукација и подобра можност за вработување на младите лица. Компанијата беше меѓу првите што се вклучија во оваа пилот-програма што се реализира во соработка со ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски" од Охрид.

Менторската програма која ја имаат, сега ја прилагодија и на наставната програма на учениците, и во моментов имаат 34 ученици кои посетуваат практична настава кај нив. Практикантите, кои воедно се и нивни потенцијални идни вработени, при практичната обука ги имаат на располагање сите нивни капацитети, соодветни простории, опрема, како и стручно обучен кадар кој непречено се грижи за нивната практична обука како дел од наставната програма. Во исто време,и на студентите кои се запишуваат на техничките факултети им се понудува можност за стипендирање, со вклучена практична работа и помош при изработка на проекти, дипломски работи и слично.

„ЛТХ Леарница" со над 500 вработени е дел од словенечката Групација „LTH Castings" специјализирана во областа на развој, леење, обработка и монтажа на висококомплексни компоненти од алуминиум, како и изработка на алати наменети за сопственото производство. Групацијата е еден од водечките европски добавувачи на висококвалитетни обработени алуминиумски одливци наменети за автомобилската индустрија.

# Стопанската комора на Северна Македонија активна во креирањето отворен пазар во рамки на иницијативата „Отворен Балкан“




Претставниците на Стопанската комора на Северна Македонија, м-р Анета Димовска, менаџер, и м-р Нена Николовска, експерт во Комората, овој викенд учествуваа на работни средби во рамките на иницијативата „Отворен Балкан“ во Ниш, Република Србија. На средбите, на кои присуствуваа високи делегации предводени од министри од трите држави, се разговараше за конкретни чекори во насока на олеснување на трговијата со стока, како и на олеснување на движењето и на ангажирањето работна сила во рамките на државите кои пристапија кон иницијативата „Отворен Балкан“.

Во однос на олеснувањето на трговијата со стоки, се заклучи, најдоцна до крајот на годината, на граничните премини меѓу трите држави во рамките на „Отворен Балкан“, да се обезбеди работа на фитосанитарните и на ветеринарните служби 24/7. Исто така, државите се договорија за меѓусебно признавање на статусот на овластен економски оператор, за што ќе следуваат конкретни активности за преговори, со цел склучување на протоколите за меѓусебно признавање до крајот на годината.

На средбата се констатираше дека воспоставениот едношалтерски систем помеѓу Србија и Северна Македонија на граничниот премин Табановце сè уште има проблеми и дека мора да биде целосно функционален, а со цел нивно надминување се договорија конкретни чекори кои треба да се спроведат. Исто така, беше договорено да се интензивира работата за поставување едношалтерски систем на граничните премини меѓу Северна Македонија и Албанија, за што ќе следува постапка на изготвување протокол за воспоставување едношалтерски систем со Албанија, чија ратификација е предвидена за до крајот на годинава.

Во однос на системската електронска размена на податоци (Systematic electronic exchange of data) меѓу царинските управи на трите држави, се заклучи дека SEED PLUS може да биде оперативен дури на крајот на 2023 година, што не е доволно брзо за потребите на „Отворен Балкан“. Сите држави се согласија дека не треба да се гради нов систем, туку да се овозможи функционалност на постојниот за потребите на трите држави, за што се одлучи да се достави барање до ЦЕФТА со предлог за примена на пилот-проект за примена на системот SEED PLUS, кој ќе ги вклучува постојните SEED со размена на фитосанитарни сертификати.

Во однос на трошоците за поминување на стоката на граничните премини, Албанија и Србија предложија да не се наплатуваат административни такси и надоместоци поврзани со царинењето стоки со

потекло од државите во иницијативата „Отворен Балкан", за што македонската страна треба дополнително да се произнесе. Предлогот се однесува на административните такси за службена контрола на граничните инспекциски пунктови на живи животни, производи од животинско потекло, на храна од неживотинско потекло, растенија и на растителни производи, како и на административните такси што ги применуваат царинските управи за издавање потврди за преференцијално потекло, царински пломби, за мерење, паркирање и за скенирање, освен оние трошоци кои се за сметка на приватни субјекти.

На работните средби се заклучи дека трите држави се посветени да работат на заеднички критериуми за анализа на ризик и на размена на резултати од фитосанитарните и ветеринарни контроли. Конкретно, ќе се утврдат заеднички листи на штетни организми од фитосанитарната област, ќе се разменат карантински листи и програми за истражување штетни организми. Исто така, ќе се усогласи листата на растенија и на растителни производи за кои се потребни фитосанитарна инспекција и фитосанитарен сертификат, усогласен со регулативите на ЕУ. За овие производи фитосанитарна сертификација и физички проверки ќе се вршат на најблиското место надвор од граничниот инспекциски пункт на царинскиот терминал.

Сите држави се договорија да се разменуваат националните планови или програми за официјални контроли во областа на храната и на добиточната храна од растително, животинско и од мешано потекло, а, исто така, и на храната за трговски цели, како и да се признаваат и да се прифаќаат лабораториски анализи (од акредитирани лаборатории и според акредитирани методи) од трите држави.

Претставниците на трите држави се договорија за усогласување на списокот на болести кај животните (ОИЕ), во согласност со стандардите усвоени на меѓународно ниво, како и за размена на планови за набљудување, на планови за активна и за пасивна контрола и на извештаи за болести.

За компаниите од списокот на одобрени оператори со храна и со стопанства за животни за храна од животинско и од неживотинско потекло, трите страни договорија спроведување размена на планот за набљудување на операторите со храна, без барања за контроли на локацијата. Договорен е сет критериуми за транспорт на млечни производи UHT и на други прехранбени производи кои не бараат ладење за време на транспортот.

Исто така, во однос на непрехранбените производи, трите земји се договорија да се подготви трилатерален договор меѓу телата за акредитација, како и за тоа дека не се пријавени отворени прашања во трговијата со индустриски непрехранбени производи и/или во врска со прашањата за акредитација.

Во делот на работните дозволи се усогласи текстот на договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан. Трите држави ја дефинираа рамката во која граѓаните на државите кои ја поддржуваат иницијативата „Отворен Балкан" можат слободно да останат и да работат на територијата на „Отворен Балкан", без дополнително административно и финансиско оптоварување на вработените и на работодавците. Според предложените решенија, државјаните на трите земји ќе можат слободно да настапуваат на пазарот на трудот во секоја од земјите, со претходна успешна апликација и со вадење Open Balkan ID Number. Електронските системски решенија во кои ќе може да се аплицира треба да ги воспостави и да ги креира секоја држава одделно. Престојот е предвидено да трае до две години, со можност за продолжување. Регулирањето на правата од пензиско и од здравствено осигурување е предвидено дополнително да се дефинираат, додека, пак, можноста за користење на мерките за поддршка за вработувања во секоја држава одделно е предвидно да биде исклучена.



video
example
software
easily
participant
electronic
time
teaching
information
courses
term online
education
social
objects
assessment
content
online
web
example
student
E-LEARNING
knowledge
computers
internet software
support
virtual
electronic
work
system
cost
elearning
assessment
classroom
system
devices
video
example

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



Семинар
22.11.2021 - 23.11.2021

# ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

Во ера на дигитализација на работните процеси, дигиталната безбедност и приватноста се соочуваат со растечки предизвици. Оттука несомнено се наметнува потребата од фокус кон дигиталната безбедност и навременото идентификување, пресретнување, како и соодветно и навремено одговарање на ризиците како би спречил одреден настан кој би имал негативен исход кон работењето на компанијата.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 22 и 23 ноември 2021 година организира дводневен „онлајн" семинар на тема: „ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ".

Овој семинар ќе им овозможи на учесниците да се стекнат со основни и напредни знаења и вештини за управување со безбедносните и информациони ризици кои можат да ги загрозат финансиските податоци и да влијаат врз финансиите на секоја компанија. ИТ заканите станаа дел од секојдневието и во значајна мера се присутни и во кризните ситуации кога фокусот на вработените првенствено е кон воспоставување и одржување на деловните процеси. Преку семинарот учесниците ќе се запознаат со најчестите закани, но и начинот за превенција и заштита од таквите закани. Некои од прашањата на кои овој семинар ќе даде одговор се и како адекватно да се третираат воочените информациони и безбедносни закани и ризици и како безбедно да се управува со финансиските податоци. Дополнително во рамки на семинарот ќе биде направена анализа на позитивните, но и негативните искуства на големите компании во процесот на проценување на ИТ ризиците и подготовка за потенцијална кризна ситуација. **Сите заинтересирани за учество на овој "онлајн" семинар можат да се пријават најдоцна до 19.11.2021 година.**

**Контакт лица:**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

Семинар 25.11.2021

# GOOGLE WORKSPACE ИДНИНАТА НА АРХИВСКОТО РАБОТЕЊЕ

Google Drive е услуга за складирање датотеки базирана на облак на Google. Google Drive ви овозможува да ја чувате целата работа на едно место, да гледате различни формати на датотеки без потреба од дополнителен софтвер и да пристапувате до вашите датотеки од кој било уред. Во овој курс, ќе научите како да навигирате на вашиот Google Drive. Ќе научите како да испраќате датотеки и папки и како да работите преку типови датотеки. Исто така, ќе научите како можете лесно да гледате, уредувате, организирате, менувате и отстранувате датотеки во Google Drive.

Google Drive вклучува заеднички дискови. Може да користите заеднички дискови за складирање, пребарување и пристап до датотеки со тим. Ќе научите како да креирате нов заеднички диск, да додавате и управувате со членови и да управувате со содржината на споделениот диск. Google Workspace е синоним за соработка и споделување. Истражите  ги опциите за споделување што ви се достапни во Google Drive и ќе научите за различните улоги на соработниците и дозволите што може да се доделат. Исто така, ќе имате можност да обезбедите конзистентност и да заштедите време со шаблони.

Google Drive има неколку алатки и опции на располагање. Овој курс дискутира за некои од овие опции, вклучувајќи како да работите офлајн, да користите Drive File Stream и да инсталирате апликации од Google Workspace Marketplace.

**Предавач: Викторија Величковска,** Дипломиран софтверски инжинер со повеќегодишно искуство во областа на веб базирани системи. Моментално работи како веб програмер во канадска компанија.

**Сите заинтересирани за учество на оваа семинар можат да се пријават најдоцна до 23.11.2021 година.**

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Семинар
29.11.2021

# КАДРОВСКО ЕКИПИРАЊЕ – СТРАТЕГИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА РАБОТНА СИЛА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Во фокусот на овој семинар е политиката на кадровско екипирање во компаниите која се занимава со избор на вработени за конкретни работни места. Првото ниво е насочено кон селекција на поединци кои ги имаат потребните квалификации за извршување одредена работа. Во второто ниво пак, политиката на кадровско екипирање треба да претставува инструмент за развој и унапредување на корпорациската култура.

Компаниите кои спроведуваат транснационални и глобални стратегии имаат големи потреби за цврста унифицирачка култура, а таа потреба е важна и за оние кои спроведуваат меѓународна стратегија, како и за компаниите кои спроведуваат мултидомашна стратегија. Кога станува збор за организациите кои спроведуваат транснационална и глобална стратегија, неопходно е функцијата на управување со човечки ресурси да посветува значително внимание на селекцијата на поединци кои не само што ги имаат потребните квалификации за извршување конкретна работа, туку кои “одговараат” на доминантната култура во компанијата.

Денес, во време на постојани промени, рецесии и висока конкурентност, секој работодавач мора да ги преземе сите активности со цел да го избере најсоодветниот работник за работното место кое го нуди. Целта е организациите сѐ повеќе да го препознаваат создавањето вредност што може да се случи преку кадровско екипирање и стратегија за градење на работна сила во организацијата.

Предавачи:

- Д-р Марија Апостолова Николовска, професор во областа на андрагогија, образование и човечки ресурси.
- М-р Марија Карапанчева, магистер по менаџмент на човечки ресурси

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

Саем
01.12.2021 - 04.12.2021

# 27. ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН САЕМ ВО ТИРАНА - „27.Tirana International Fair“

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со „Klik Ekspo Group“, ве поканува да бидете дел од 27. Интернационален саем во Тирана, што ќе се одржи во периодот од 01-04 декември 2021 година во просториите на Конгресната палата во Тирана, Р. Албанија.

Овогодинешниот саем има за цел да биде уникатен настан, поделен помеѓу светот што го знаевме до сега и оној што ќе го избереме утре. За таа цел, хибридната форма на настанот, освен во живо, преку виртуелни платформи ќе овозможи поврзување на светските индустри, со директно презентирање на изложените производи на штандовите и директна комуникација со претставниците присутни на саемот. Покрај тоа, во специјално креираните деловни простории на саемот, учесниците ќе имаат можност да остварат деловни средби со компании од нивен интерес, да разменат информации и да ги презентираат своите производи и услуги.

Со својата нова форма на организирање, во фокус на овогодинешниот саем ќе бидат: Секторите коишто најмногу беа погодени од пандемијата: туризам и угостителство, уметност и музика, организатори на настани, мали и средни претпријатија и занаетчии; Најсовремените сектори: здравство и медицина, безбедност на храна, грижа за клиентите во сите сектори, информатичката технологија и новите ефикасни комуникациски решенија; Градежништво, енергетика, транспорт, и др.

**Стопанската комора на Северна Македонија ги поканува сите заинтересирани компании да се пријават за учество на Саемот на долунаведениот контакт, најдоцна до првата недела од месец ноември (01-05) 2021 година.**

**Контакт лица:**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

**Саем 28.02.2022 - 02.03.2022**

# Саем 28.02.2022 - 02.03.2022 Саемска манифестација: „International Food and Drink Event (IFE)“ Лондон,




Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на РСМ и со Амбасадата на РСМ во Лондон, ве поканува да учествувате на претстојниот саем Internatonal Food and Drink Event (IFE), кој ќе се одржи од 28 февруари до 2 март 2022 година во Саемскиот центар „Лондон ExCel“.

Поради условите што се наметнати од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, настанот (првично предвиден за март 2021 година) се презакажува за нов датум – од 28 февруари до 2 март 2022 година.

Настанот претставува одлична можност за презентација на македонските производители на храна и на пијалаци во Обединетото Кралство и пред другите странски иновативни и глобални производители и купувачи кои ќе бидат присутни.

Предности зошто да учествувате на саемот

**Учество на 1000 малопродажни купувачи**.

**Сериозност во деловните потфати**.

**Седум настапи во еден**.

**IFE е единствената трговска изложба за храна и за пијалаци поддржана од Владата на Велика Британија**.

Сите заинтересирани учесници за саемот, со пријава и со резервација на штанд до 18 декември 2020 година, ќе добијат повластени цени и добра локација на штандот.

**Контакт лица:**

**Васко Ристовски**
**++ 389 2 3244014**
**vasko@mchamber.mk**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Основана 1922

ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Founded 1922

coface



MACEDONIA

# Excellent

Small & Medium Enterprises

ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

# Веб-сертификат EXCELLENT SME


Стопанска комора на Северна Македонија
Excellent SME Македонија
„Димитрие Чуповски“ 13
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Контакт: Валентина Цветковска
T: (02) 3244063 / 071 811 645
E: excellent-sme@mchamber.mk
E: valentina@mchamber.mk
W: https://excellent-sme.mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD
ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99 години

Основана 1922


Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088